СЕДНИЦА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 10-05-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 45- | 2620 | 8 | |

# ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

**Република Северна Македонија**

**Фонд за иновации и технолошки развој**

Дел.Бр. 02-599/4
08.05.2019 год.

Бул.Гоце Делчев 6б,
1000 Скопје,
**Република Северна Македонија**

Тел. (02) 3145258
Веб-страница: www.fitr.mk
E-mail: info@fitr.mk

**До:** Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

**Предмет:** Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година и планирани средства во 2019 година

Почитувани,

Во врска со Извадокот од Нацрт – записникот од Сто и триесетатта седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 16 април 2019 година, Бр.45-2620/1 од 16.04.2019 година), во прилог Ви доставуваме Табелата со преглед на бараните информации.

Со почит,

Директор
Јован Деспотовски

Подготвил: Ирена Ѓоргиевска

**ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ**

**Република Северна Македонија**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Институција: Фонд за иновации и технолошки развој | | | Правен основ |
| Вкупно доделени финансиски средства од буџетот за **2018 година** за финансиска поддршка на здруженија и фондации | | 2.262.932,00 денари | |
| Вкупно доделени финансиски средства од буџетот на здруженија и фондации по пат на јавен оглас | | | |
| Вкупно доделени финансиски средства од буџетот на здруженија и фондации без јавен оглас (**2018 година**) | | 2.262.932,00 денари | |
| Доделени финансиски средства на здруженија и фондации по пат на јавен оглас | | | |
| Здружение/фондација | Проект | Доделени финансиски средства (денари) | |
| | | | |
| Доделени финансиски средства на здруженија и фондации без јавен оглас во 2018 година | | | |
| Здружение/фондација | Проект | Доделени финансиски средства (денари) | |
| СЕЕД ХУБ | UPSHIFT Програма за поддшка на социјални иновации и претприемништво кај млади лица | 1.585.639,00 | Договор за финансиска поддршка за спроведување на програмата „Лансирање на КреАктиватор лабораторија и имплементација на програма за социјално претприемништво на млади – UPSHIFT“ |
| Е-комерција | Реализација на првата конференција за е-трговија во Македонија | 307.463,00 | Договор за спонзорство |
| Македонско биолошко друштво | Учество на 15та меѓународна олимпијада по | 107.330,00 | Договор за спонзорство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | природни науки во Боцвана | | |
| Здружение на физичари на Македонија | Авионски карти за учество на меѓународна олимпијада по физика во Португалија | 262.500,00 | Договор за спонзорство |
| Вкупно планирани средства во буџетот за 2019 година за финансиска поддршка на здруженија и фондации | | 6.000.000,00 | |

Во 2019 година потпишан е Договор за доделување на награда во рамки на Јавниот повик за финансирање за социјално претприемништво „Предизвик за иновативно решение за обезбедување #Оброк за сите“ на една невладина организација по пат на јавен оглас кој е објавен на веб страната на Фондот. Проектот е одобрен согласно услови наведени во јавниот оглас и Правилата за натпревари и предизвици на Фондот.

Корисник на средствата е невладината организација „Ајде Македонија“ за проект со наслов *„Сите сити“*. Вкупниот буџет на конкретниот проект е 1.999.950,00 денари, од кои Фондот финансира 90% или 1.799.950,00 денари. Останатите 10% се сопствено кофинансирање на корисникот. Изборот е извршен врз основа на следните критериуми:

- Влијание на зголемување на опфатот на лицата/семејства со реална потреба од помош во системот на корисници на донирани оброци (30%);
- Степен на иновативност и одржливост (30%);
- Степен на зголемување на ефикасност во искористување на јавните фондови за оваа намена (20%);
- Капацитет на натпреварувачот и проектниот тим (10%); и
- Квалитет на предлог-проектот (10%).

Постапката на избор се состоеше од адинистративна проверка, предселекција, селекција и донесување на конечна одлука за финансирање.

Оценувањето, селекцијата и донесувањето на конечна одлука за избор на победници по горенаведениот јавен повик беше извршено од страна на Комисија за оценување и избор, составена од: претставник на Фондот, претставник на институцијата корисник на наградениот предлог проект (МТСП), двајца претставници на партнерски организациии и лице од целната група од областа во која се организираше предизвикот.

Менторирањето при спроведување на проектот се врши од страна на вработени во Фондот, а врз основа на квартални извештаи и теренски посети. Исплатата на средствата се врши на квартална основа по одобрен извештај.

Информацијата за избор на најдобар проект е објавена на веб страната на Фондот и во јавните гласила.